РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-2440/14
04-10-2023

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 4 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, Државната комисија за спречување на корупцијата (во понатамошниот текст ДКСК), на 93 - та седница одржана на ден 29.09.2023 година, донесе

О Д Л У К А

Постапката по предметот бр.09-2440 од 05.05.2023 година, оформен по сопствена иницијатива против службеното лице ----------, член на Училишен одбор во Државно училиште ---------, член на Надзорен одбор во -------- и член на Управен одбор на ЈП ----------, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК констатира повреда на одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и по издаден прекршочен платен налог, извршена е уплата на изречената глоба во законски утврдениот рок, поради што нема елементи за натамошно постапување.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 09-2440 од 05.05.2023 година е оформен по сопствена иницијатива, согласно член 17 став 1 точка 10 и 12 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, според кој ДКСК ја евидентира и следи имотната состојба и интересите и врши проверка на податоците од поднесените изјави за имотна состојба и интереси.

Имено, ДКСК направи увид во поднесениот Образец изјава за интереси од страна на лицето ---------- со бр.09-1736/1 од 12.01.2022 и бр.09-9589/1 од 15.12.2022 година и по извршена проверка на податоците, утврди дека има статус на именувано лице. Заради правилно утврдување на фактичката состојба, согласно член 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси дополнително беше обезбедена потребна документација.

Врз основа на утврдената фактичка состојба се констатитра дека -------- со Решение бр.18-11520/1 од 03.08.2021 година од Министерство за ---------- е именуван за член на Училишен одбор во Државно училиште ----------, а поднел оставка од функцијата на 07.12.2022 година, архивски заведена бр.03-1494.

Од Советот на ------- со Одлука бр.07-9870/4 од 27.12.2017 година е именуван за член на Надзорен одбор во ----------, се до 29.12.2021 година, кога со донесување на Одлука бр.27-11902/3 од 29.12.2021, престанала да важи претходната одлука за именување.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Исто така, со Решение бр.09-10908/6 од 28.12.2018 година, именуван е за член на Управен одбор на ЈП --------, со мандат од 4 години, односно до 28.12.2022 година.

ДКСК констатира дека утврдената фактичка состојба е спротивна на член 44 став 4 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, за неспоивост на функција, согласно која избрано или именувано лице не може истовремено да врши функција на одговорно лице или член на орган на управување или надзорен орган во јавно претпријатие, јавна установа или друго правно лице кое располага со државен капитал. Ова претставува прекршок казнив по член 105 став 1 алинеја 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Согласно наведеното, ДКСК констатира дека од страна на лицето сторен е прекршок, по што согласно член 46 став 2 од Законот за прекршоците (,,Службен весник на Република Северна Македонија,, бр.96/2019) состави Записник за констатиран прекршок бр.09-2440/10 од 24.07.2023 година и беше понудена постапка за порамнување со издавање на Прекршочен платен налог бр.09-2440/11 од 24.07.2023 година. До ДКСК доставена е уплатница за платена глоба, заради што согласно член 47 од Законот за прекршоците не се поведува прекршочна постапка.

Исто така, врз основа на обезбедената документација, ДКСК констатира дека именуваниот повеќе не е член на горенаведените органи и не се наоѓа во состојба на неспоивост на функции.

Со преземање на горенаведените дејствија и мерки од страна на ДКСК нема елементи за натамошно надлежно постапување, поради што на седницата одржана на ден 29.09.2023 година, ДКСК одлучи да се запре постапката по овој предмет.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје
Shkup KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT Republika e Maqedonisë së Veriut

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Претседател,
Билјана Ивановска

По заклучок од седница на ДКСК:
Изработил: Д.Д, советник
Контролирал: К.З, раководител
Одобрил: Н.Б, член на ДКСК